ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 06.03.2015

# УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА УВО НОС И ГРЛО

## СООПШТЕНИЕ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) сака да ја информира јавноста во врска со барање за донација за лекување во странство од страна на мајката на детето Д.Ј.

ФЗОМ на детето веќе еднаш му има одобрено лекување во странство. Извршена е успешна хируршка интервенција на товар на ФЗОМ во 2014 година во Турција, за што, медиумите навремено ја известија јавноста.

Постоперативно, детето е згрижено од Универзитетската клиника за детска хирургија и на Универзитетската клиника за ОРЛ и му се пружаат сите потребни здравствени интервенции. Терминот за кој мајката на детето кажува дека детето Д.Ј. треба да биде оперирано во Република Турција, се совпаѓа со закажаниот термин за редовна интервенција во Универзитетската клиника за детска хирургија.

ФЗОМ и универзитетските клиники за детска хирургија и ОРЛ се зачудени од искажувањата на мајката, која бара средства за донации за лекување кое е веќе извршено на товар на Фондот.

ФЗОМ апелира до сите медиуми пред да објават вакви наводни барања за донации за лекување во странство, да се обратат до Фондот со цел да ја проверат веродостојноста на информацијата и да се избегне било каква манипулација на хумните граѓани во Република Македонија.

Фондот останува доследен во спроведување на Владината програма за лекување во странство за сите осигуреници за 12.000 денари.